Уп. бр. 08-135 /2026

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Синидиа Солушнс, со регистрирано седиште на 5 Руе Тхиерс 68100 Мулуз, Франција, доставено преку Адвокатско друштво Ќоку и партнери од Скопје, на седницата одржана на ден 14.10.2026 година, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Синидиа Солушнс, со регистрирано седиште на 5 Руе Тхиерс 68100 Мулуз, Франција, има намера да стекне самостојна контрола над Друштво за услуги БИЛИВИО ДОО Скопје, со регистрирано седиште на ул. Фјодор Достоевски бр. 72, Скопје – Карпош, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3. Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 14.09.2026 година, а дополнето на 23.09.2026 година и на 28.09.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Синидиа Солушнс, со регистрирано седиште на 5 Руе Тхиерс 68100 Мулуз, Франција, со која Синидиа Солушнс, има намера да стекне самостојна контрола над Друштво за услуги БИЛИВИО ДОО Скопје, со регистрирано седиште на ул. Фјодор Достоевски бр. 72, Скопје – Карпош,Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите, го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

Синидиа Солушнс е зависно друштво на Апаве Групацијата, специјализирано за развој на софтвер за управување со средства на претпријатија (Enterprise Asset Management – EAM), кој им овозможува на корисниците подобро да управуваат со ризиците и опремата.

Синидиа Солушнс е дел од поширокаta Синидиа деловна единица на Апаве Групацијата, специјализирана за развој и продажба на софтверски решенија. Понудата на Синидиа е структурирана околу два столба:

- EAM софтверот на Синидиа Солушнс; и
- Синидиа Дигитал: деловна единица која развива целосно приспособени решенија, кои може да бидат унапредени со вештачка интелигенција.

Апаве Групацијата е меѓународна групација со историја од речиси 160 години, специјализирана за управување со технички, човечки, еколошки, дигитални и климатски ризици.

Апаве Групацијата денес има 18.500 вработени, 130 поврзани субјекти во Франција, 170 центри за обука во Франција и во странство, како и повеќе од 20 центри за тестирање и сертификација на опрема.

Апаве Групацијата има меѓународно присуство во речиси 60 земји. Преку обезбедување услуги за инспекција и недеструктивно тестирање (NDT), сертификација, техничка обука, тестирање и мерење, како и консултантски услуги – Апаве Групацијата ги поддржува приватните компании и јавните органи во Франција и на меѓународно ниво.

Апаве Групацијата во моментов остварува заедничка контрола врз БИЛИВИО ДОО Скопје преку своето зависно друштво кое е целосно во нејзина сопственост, кое поседува 51% од уделите во БИЛИВИО ДОО Скопје.

Покрај своето учество во БИЛИВИО ДОО Скопје, Апаве Групацијата ги има следните регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија:

- Друштво за техничко испитување, анализа, промет и услуги АПАВЕ СЕЕ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Фјодор Достоевски бр. 72, Скопје – Карпош, Република Северна Македонија и регистрирана приоритетна дејност 71.200 – Техничко испитување и анализа;
- Друштво за инженерство, техничко советување, промет и услуги НОЛТЕН СЕРВИЦЕС ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Фјодор Достоевски бр. 72, Скопје – Карпош, Република Северна Македонија и регистрирана приоритетна дејност 71.120 – Инженерски дејности и поврзано техничко советување;
- Друштво за техничко испитување, анализа, промет и услуги АПАВЕ РОПЕ АЦЦЕСС ДОО Скопје, со регистрирано седиште на ул. Фјодор Достоевски бр. 72, Скопје – Карпош, Република Северна Македонија и регистрирана приоритетна дејност 71.200 – Техничко испитување и анализа;
- Друштво за инженерство, техничко советување, промет и услуги ЕТБС ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Фјодор Достоевски бр. 72, Скопје – Карпош, Република Северна Македонија и регистрирана приоритетна дејност 71.120 – Инженерски дејности и поврзано техничко советување;
- Друштво за техничко испитување, анализа, промет и услуги ААИА-БПВ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Фјодор Достоевски бр. 72,

Скопје – Карпош, Република Северна Македонија и регистрирана приоритетна дејност 71.200 – Техничко испитување и анализа.

Овие друштва се специализирани за управување со технички ризици, безбедност, обезбедување на квалитет, инженеринг и поврзани услуги за техничко советување. Нивните деловни активности опфаќаат регулаторни и нерегулаторни индустриски инспекции, недеструктивно тестирање (NDT), технички проценки, анализи, сертификација на системи за управување и инжинерско советување. Дополнително, тие обезбедуваат широк спектар на професионални програми за обука во областа на здравјето, безбедноста и животна средина, како и специализирани технички сертификации.

БИЛИВИО ДОО Скопје е француско-македонско софтверско друштво кое работи во Република Северна Македонија од 2018 година и има регистрирана приоритетна дејност: 62.100 – Компјутерско програмирање. БИЛИВИО ДОО Скопје, има докажано искуство во развојот на софтверски решенија за претпријатија, со база на клиенти составена исклучиво од друштва во рамки на Апаве Групацијата.

БИЛИВИО ДОО Скопје нема регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија или во странство, а сите негови приходи се остваруваат од Апаве Групацијата.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:
Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
М-р. Малинка Силјановска Николиќ